РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

12-1509/2
15-06-2021

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19), и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од -------------- доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, на 49-та седница одржана на 07.06.2021 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата поднесена на 04.03.2020 година од ------------ до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-1509/1 од 04.03.2020 година, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-1509/1 од 04.03.2020 година од причина што подносителот ги искористил сите редовни и вонредни правни лекови на кој имал право согласно закон, врз основа на истите биле поведени и водени постапки пред надлежни судски инстанци (во први и втор степен), во кои учествувале повеќе судии, во текот на судењата биле изведени докази, бил извршен распит на сведоци, соочувања помеѓу странките во постапката, со што ја утврдиле фактичката состојба и во рамките на своите законски надлежности, донеле одлуки.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата, да се достави Одлука со образложение.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-1509/1 од 04.03.2020 година е оформен врз основа на добиена пријава од ---------.

Во пријавата се укажува на наводи за сомневање за незаконитости сторени од -----------, судија во Основен суд Крушево, која постапувала по правната работа на тужителот ---- против тужениот ---------, со кое се барало тужениот -------- да биде задолжен да му плати износ од 185.000,00 денари за пресечени дрва во приватна шума, негова сопственост на тужителот --------- и наводи за незаконско постапување од ---------, судија на Основен суд Крушево која донела Решение РОПОВ бр. 2/17 од 13.03.2018 година, каде како странка во постапката се јавува правното лице ---------.

По разгледување на наводите во пријавата и целокупната приложената документација, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека во конкретнот случај во текот на судските постапки подносителот ги искористил сите редовни и вонредни правни лекови на кој имал право согласно закон, врз основа на истите биле поведени и водени постапки пред надлежни судски инстанци (во прв и втор степен) во кои учествувале повеќе судии, во текот на судењата биле изведени докази, бил извршен распит на сведоци, соочувања помеѓу странките во постапката, со што ја утврдиле фактичката состојба и во рамките на своите законски надлежности донеле одлуки. Имајќи Оттаму, ДКСК заклучи дека нема елементи за нејзино

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

натамошно постапување во предметниот случај, пријавата се отфрла и предметот се затвора и архивира. Имајќи го гореспоменатото, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изработил: м-р И.П

Одобрил: К.Н., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**м-р Шемши Салаи**